# Службен гласник

## на Општина Кавадарци



| Број 27 | 08.02.2023 година |
|---|---|



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година како помош за настраданото население во катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сириска Арапска Република | 2 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година како помош за настраданото население во катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сириска Арапска Република | 3 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година како помош за настраданото население во катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сириска Арапска Република**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година како помош за настраданото население во катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сириска Арапска Република, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 07.02.2023 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-987/1**
**08.02.2023 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. Гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 6-тата вонредна седница, одржана на ден 07.02.2023 година, донесе,

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година**
**како помош за настраданото население во катастрофалниот земјотрес**
**во Република Турција и Сириска Арапска Република**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, како помош за настраданото население во катастрофалниот земјотрес на ден 06.02.2023 година во Република Турција и Сириска Арапска Република и тоа:

-износ од 600.000,00 денари за настраданото население во Република Турција, и

-износ од 300.000,00 денари за настраданото население во Сириска Арапска Република.

Член 2

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година, на жиро сметка:

- Износ од 600.000,00 денари на Стопанска комора на Македонија-Турција (МАТТО) на мкд сметка: 270-0641538507-69, со назнака: за настраданото население во Република Турција, и

- Износ од 300.000,00 денари на сметка на Фондот на солидарноста на Црвениот Крст на РСМ, жиро сметка: 300000001327966, даночен број:4030984271620 АД Комерцијална банка, со назнака: за настраданото население во Сириска Арапска Република.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,

**Бр.08-932/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**07.02.2023 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **д-р Стојанчо Рамов**